**ООУ„Кочо Рацин“-Нов Дојран**
*Ул.„Моша Пијаде“ бр.14, Нов Дојран тел:034/ 227-237*
*mail:kracin_dojran@yahoo.com*

# Годишен извештај за работата на ООУ „Кочо Рацин“- Нов Дојран

за учебната 2021/22 година

**2021/22**

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Voved ---------------------------------------------------------------------------3
2. Uslovi za rabota vo u~ili{teto ----------------------------------------3
3. Podgotvenosta na u~ili{teto za rabota vo po~etokot na u~ebnata godina -------------------------------------------------------------4
4. Planirawe, realizacija i unapreduvawe na Vospitno obrazovna dejnost -----------------------------------------------------------4
5. Uspeh na u~enicite na krajot od u~ebnata 2021/22 godina-----14
6. Sorabotka so родители----------------------------------------------------22

**ВОВЕД**

Врз основа на член 122 алинеја 2 став 8 од Законот за основно образование (Службен весник на Р.Македонија бр.161 од 5 август 2019 година) како и член 12 алинеја 4 од Статутот на училиштето со цел да се даде информација за одделните подрачја од дејноста, како и за постигнатите резултати, успеси и поведенија на учениците по предлог на Директорот на училиштето на ден 30.06.2022 год Наставничкиот Совет го разгледа Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2021/22 година.

Појдовна основа за изготвување на Годишниот извештај се:

-Годишна програма за работа на училиштето

-Годишна програма за работа на раководниот и стручниот кадар, тела и органи за тековната учебна година

-Документацијата за нивната реализација

-Статистички прегледи и извештаи за бројот и опфатеноста на учениците и паралелките

-Условите за работа и успехот и поведението на учениците

-Реализацијата на плановите и програмите за наставата и вонnаставните активности и другата стручна и педагошка дејност.

**2.Услови за работа во училиштето**

Општинското основно училиште „Кочо Рацин“ е лоцирано на улица„Моша Пијаде“ бр.14 во Нов Дојран и опфаќа ученици од Нов Дојран, и населените околни места како Стар Дојран, Николиќ, Црничани, Фурка, Ѓопчели.

Во сите подрачни училишта (Стар Дојран, Николиќ, Црничани, Фурка, Ѓопчели) одделенската настава се изведува во комбинирани паралелки со исклучок на централното училиште во Нов Дојран и прво одделение во ПУ Николиќ каде наставата се изведува во чиста паралелка.

Ова учебна година започна од 01.09.2021 година и поради пандемијата од КОВИД 19 наставата од I до IX одделение се изведува со физичко присуство, почитувајки ги протоколите за реализација на воспитно-образовната работа во услови на Пандемија.

## 3. Подготвеноста на училиштето за работа во почетокот на учебната година

Училишните згради ги задоволуваат основните потреби за одвивање на настава со физичко присуство според Протоколите за реализација на воспитно-образовниот процес и изведување на настава ( со почитување на физичка дистанца меѓу учениците од 2 метри како и почитување на другите мерки од протоколот: мерење температура, миење и дезинфекција на раце) .

Од материјално-технички аспект училиштето во Нов Дојран и сите ПУ навремено беа подготвени за почетокот на учебната година.



## 4.Планирање, реализација и унапредување на Воспитно-образовната дејност

Според Календарот за работа за учебната 2021/22 година која започна на први септември а завршува на 31 август 2022 година, а пак наставната година започна на 1 септември 2021 год. и завршува на 9 јуни 2022 година со навремено планирање од страна на сите наставници во сите подрачја. Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2021/22 година по предлог на Ушилишниот одбор беше донесена и доставена до советот на Општина Дојран и истата беше навремено усвоена.

Според Календарот за работа во учебната 2021/22 година, планирани се 180 наставни работни денови, а во првото полугодие се реализирани 84 наставни и работни денови.Во текот на второто полугодие настапи генерален штрајк на наставниците во цела држава кој започна на 11.04.2022 година и траеше се до 28.04.2022 година. Поради штрајкот а со цел навремено завршување на учебната година Бирото за образование и наука донесе скратени наставни планови и програми за работа на наставниците. Поради тоа бројот на наставни и работни часови се промени и од предвидените 180 наставни работни денови во оваа учебна година беа реализирани 161 работен и наставен ден и тоа 84 во првото полугодие и 77 во второто полугодие. Поради зголемен број на случаи заболени од корона второто полугодие започна на 1 февруари со закаснување од една недела.Заврши во предвидениот законски рок на 9 јуни 2022 година.

Наставниците изработуваат дневни подготовки, кои ги содржат следниве компоненти: наставна тема, наставна единица, тип на часот, цели на часот, форми, методи, средства, план за текот и завршен дел на часот.

Во оваа учебна година Министерството за образование и наука продолжи со реализација на проектот Бесплатни учебници за сите ученици. За учениците од четврто одделение кои реализираат настава по новата Коцепција за основно образование училиштето обезбеди таблети за секој ученик преку кои можеа да ја следат наставата во замена на учебниците.

Директорот и стручната служба во текот на оваа учебна година вршеа увид во успешното реализирање на предвидените планови и програми за работа,применување на современи форми и методи на работа, односот на вработените кон учениците и родителите, навремено извршување на сите обврски на воспитно-образовниот кадар предвиден со Законот, како и следење на почитувањето на дадените препораки од МОН и Протоколите за изведување на настава со физичко присуство: (носење заштитни маски,мерење температура, редовно миење и дезинфекција на раце, одржување на хигена, како и држење на предвидената физичка дистанца) .

Наставата како најорганизирано и планско образование се организираше и реализираше споре наставните планови и програми изработени од БРОМ за задолжителни и изборни предмети што се изучуваат по одделение. Со почетокот на новата учебна година 2021/22 почна да се применува и новата Концепција за основно образование. Најпрво во прво и четврто одделение за кои наставни програми по сите предмети се веќе изработени од страна на Бирото за развој на образованието. Придобивките се намален број предмети, нивно интегрирање и можност на учениците да избираат предмети со што се почитуваат нивните интереси и се овозможува развој на нивните потенцијали. Целта на оваа Концепција е она што учениците го учат да можат да го поврзат со секојдневниот живот и тоа е водечкиот принцип по кој се

креирани наставните програми. Тие се темелат на инклузивност, родова сензитивност/рамноправност и интеркултурност т.е. подобрена интеретничка интеграција.

Во учебната 2021/22 година запишани се вкупно 273 ученика и тоа 157 во одделенска настава од кои тројца ученици се со посебни образовни потреби, а 116 ученика во предметна настава од кои еден ученик во седмо одделение со посебни образовни потреби. На крајот од второто полугодие четири ученици од одделенска настава го прекинаа школувањето во нашето училиште и двајца од предметна настава поради преселување во странство. Во текот на второто полугодие се запиша нов ученик во осмо одделение.

Со започнување на процесот на иновирање на основното образование, постигањата на учениците во воспитно образовниот процес, од прво, второ, и трето, четврто, петто и шесто одделение континуирано се следеа, проверуваа, опишуваа и описно беа оценети во првото полугодие, а учениците од седмо, осмо и деветто одделение беа оценети бројчано.

Според новата концеција за основно образование на учениците од вториот и третиот период на основно образование (IV-IX) одделение им беше понудено да изберат од четири категории слободни изборни предмети по еден во секое полугодие. Во првата категорија се предмети за продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети. Втората категорија предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети. Во третата категорија се слободни изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците а во четвртата се изборни предмети со спортско-рекреативен карактер. Во нашето училиште во четврто одделение за првото полугодие во соработка со родителите беше избран предметот фотографија, со исклучок на ПУ Николиќ каде се избра предметот математика.

Како изборни предмети учениците оваа учебна година ги изучуваа следните предмети:

Во четврто одделение го изучуваат предметот Фотографија и Математика со логичко резонирање како и Градинарство и хортикултура во ПУ Николиќ

- Во шесто одделение го изучуваат предметот Класична култура на европската цивилизација
- Во седмо одделение го изучуваат предметот Вештини на живеење
- Во осмо одделение го изучуваат предметот Танци и народни ора
- Во деветто одделение го изучуваат предметот Истражување на родниот крај

На 01.09. 2021 година беше прв среќен училишен ден, им посакавме радост и добредојде на нашите вредни првачиња како и среќа и успеси на другите ученици кои

оваа учебна година наставата ја следеа со физичко присуство со почитување на Протоколите за заштита на  Ковид 19.

Првата недела од месец октомври во нашето училиште со низа активности беше одбележана Детската недела и тоа:цртање со креди во боја и разубавување на училишните дворови како и прием на првачињата во Детската организација.

Во месец септември беше одбележана Европската неделе на спортот во нашето училиште со низа спортски активности. Во прилог се реализираните активности



По повод Денот на учителот беше распишан конкурс за најдобра литературна и ликовна творба во нашето училиште на тема Мојот учител.Според распишаниот конкурс одбрани се најдобри творби во следните категории:

ПРОЗА

I место- Владемир Кортов -четврто одделение
II место- Љубица Шулева -трето одделение
III место- Анастасија Шулева -прво одделение

ПОЕЗИЈА

I место- Петар Тончев-петто  одделение
II место- Христијан Ајцев-четврто одделение

III место- групна творба ПУ Фурка-четврто одделение

ЛИКОВНА ТВОРБА

I место- Тиана Јанкулова -четврто одделение
II место- Љупче Стоиловски -второ одделение
III место- Гордана Мицева -второ одделение

Месецот на книгата беше одбележан со расшишување на конкурс во кој учествуваа учениците од прво до деветто одделение на тема „Корица на омилени книги“.Комисијата одлучи да им се доделат награди на следните ученици:

Ликовни изработки (I-V)

1 место- Мите Ангов, трето одделение

2 место- Љупче Стоиловски, второ одделение

3 место- Ѓорге Упчев, трето одделение

Литературни творби (VI-IX)

1 место- Мартин Тунев, деветто/б одделение

2 место- Наташа Димова, деветто/б одделение

3 место- Михаела Аџева, шестто одделение

По повод 5-ти Ноември (Ден на ослободувањето на Дојран) беше распишан литературен и ликовен конкурс во кој учествуваа учениците од I до IX одделение во нашето училиште на тема „5-ти Ноември (Ден на ослободувањето на Дојран)“.

Наградени се следните ученици:

Литературни творби:

1 место- Босилка Стојанова, седмо/б одделение

2 место- Петар Тончев, петто одделение

3 место- Матеа Ѓоргиева, седмо/б одделение

Ликовни творби:

1 место- Радмила Анџелковиќ, деветто/а одделение

2 место- Никола Илиев, деветто/а одделение

3 место- Љупчо Стоев, шестто одделение

Конкурсите се голема радост за децата. Пишуваме, цртаме, правиме креативни изработки. Но комисијата за овој конкурс ја имаше најтешката задача,на креативноста и немаше крај, па затоа одлучи следните ученици да добијат пофалници:

Вероника Кадиева, прво одделение

Глигор Стамов, четврто одделение

Ружица Донева, петто одделение

Мите Ангов, трето одделение

Владемир Кортов, четврто одделение

Зоран Кортов, второ одделение

Армине Салија, четврто одделение

По повод Новогодишните и Божиќните празници за учениците од I до V одделение беше распишан конкурс на тема Најубав новогодишен украс. Учениците кои земаа учество многу се потрудија и ја воодушевија комисијата со своите дела и креативност.

Комисијата одлучи наградите да бидат доделени на следниве ученици:

1 место- второ одделение ООУ„Кочо Рацин“- Нов Дојран

2 место- Ања Танова, четврто одделение, ПУ„Кочо Рацин“- Николиќ

3 место- Бојана Мазнова, трето одделение, ООУ„Кочо Рацин“- Нов Дојран

Со оглед на тоа дека имаше многу креативни изработки,комисијата одлучи пофалници да добијат следните ученици:

Мики Стамов, прво одделение, ООУ„Кочо Рацин“ -Нов Дојран

Ѓорѓе Упчев, трето одделение, ООУ„Кочо Рацин“ -Нов Дојран

Звонко Џинев, трето одделение, ООУ„Кочо Рацин“ -Нов Дојран

Мирко Упчев, четврто одделение, ООУ„Кочо Рацин“ -Нов Дојран

Јане Лазаров, четврто одделение, ООУ„Кочо Рацин“ -Нов Дојран

Вилдана Салија, трето одделение, ООУ„Кочо Рацин“ -Нов Дојран

Благодарност до сите ученици и наставници кои се вклучија во уредувањето на училниците и ја покажаа својата креативност и умешност во изработката на украси.

Комисијата беше едногласна и одлучи:

1 место-осмо а одделение

2 место-седмо б одделение

3 место-шесто одделение

По повод Меѓународниот ден на жената 8-ми Март активот на одделенски наставници како и јазичниот актив распиша конкурс за избор на најдобра литературна и ликовна творба на тема 8-ми Март Меѓународен ден на жената). Комисијата одлучи да им се доделат награди на следните ученици.

Ликовни изработки:

I-Vодделение

1.место- Зоран Кортов, второ одделение

2.место- Вероника Кадиева, прво одделение

3.место- Љупчо Стоиловски, второ одделение

Поетски творби:

1 место, Бојана Мазнова, трето одделение

2.место, Мирко Упчев, четврто одделение

3.место, Петар Тончев, петто одделение

Учениците од шестто до деветто одделение кои учествуваа со лични творби на конкурсот се пофалени.

Јазичниот актив при ООУ„Кочо Рацин“- Нов Дојран по повод денот на шегата распиша конкурс за најдобра литературна творба (состав или песна) на тема:Смешна случка а учениците од прво до петто одделение учествуваа при изборот на најубава маска. Наградени ученици се следниве:

За литературни творби:

1.место, Михаела Ајцева, шесто одделение

2.место, Матеа Ѓоргиева, седмо одделение

3.место, Љупчо Стоев, шесто одделение

Дел од учениците кои учествуваа на конкурсот се пофалени:

1.Моника Стоева, седмо одделение

2.Теодора Мингова, седмо одделение

3.Васил Стоев, осмо одделение

4.Ѓеоргина Христова, девето одделение

5.Снежана Тасева, осмо одделение.

За најинтересна првоаприлска маска од прво до петто одделение наградени се:

1 место, Глигорче Стамов, четврто одделение (Гоце Делчев)

2 место, Вероника Кадиева, прво одделение (овцичка)

3 место, Зоран и Владемир Кортови, второ и четврто одделение

Пофалени:

Звонко Џинов, трето одделение

Јана Бошнакова, второ одделение

Гордана Мицева, второ одделение

За најинтересна првоаприлска маска од шесто до деветo одделение наградени се:

1 место „Бесна стрела“ -осмо а одделение

2 место „Навивачи“ -шесто одделение

3 место „Доктори“ -седмо одделение

Во текот на првото полугодие беа одржани предавања за Ковид 19 од страна на општ лекар д-р Оливера Кочева,во соработка на стручната служба и наставничката по биологија. На предавањето земаа учество учениците од деветто,осмо и ученици претставници од ученичките заедници. Истиот ден беше организирана и работилница на тема Светски ден за борба против сидата.

По предметот Граѓанско образование и раководство на наставникот Дејан Вичентијевиќ, а по добиените насоки за спроведување активности за ученички иницијативи и Отворени денови за Граѓанско образование, учениците од осмо и деветто одделение самостојно пристапија кон реализација на детектирање проблеми, носење на одлука кој проблем и како да се реши во училиштето, планирање и активности за решавање на проблемот. Се определија за Еколошка акција за чистење, уредување и разубавување на училишниот двор, како и за кревање на еколошката свест. Во периодот од октомври до декември акцијата ја спроведоа во неколку фази кои опфатија чистење на училишниот двор, негово уредување и разубавување со правење цвеќарници од стари гуми, кои потоа ги фарбаа и наполнија со земја. Во нив засадија палми и цвеќиња. Исто така ја фарбаа главната порта на училишниот двор и ги разубавија со спрејови во боја училишните канти за ѓубре. Направија ликовна изложба на тема - „Екологија“. Одржаа еколошки марш со пароли и пораки, а исто така одржаа предавање на учениците од помала возраст за акцијата која ја спроведоа, за да се подигне свеста и кај нив од најрана возраст. По предавањето и најмалите зедоа учество во чистењето на училишниот двор. При реализацијата на активностите добија поддршка од наставничката по биологија Гордана Терзиева, одделенските наставнички Марија Вичентијевиќ и Марија Гугова Стоева, домарот на училиштето Лазар Лазаров и директорот Мирослав Бошнаков кој ги обезбеди сите материјални средства побарани од учениците за реализација на ученичката иницијатива. За успешната реализација на проектот „Отворени денови на Граѓанско образование-ученички иницијативи“ од МЦГО (македонски центар за граѓанско образование) на крајот на учебната година учениците добија награда ЛЦД проектор,преносен компјутер,бележници и постери кои ќе се користат за потребите на наставата. Наградата беше врачена на претседателите на осмо и деветто одделение за време на патрониот празник на училиштето,3 јуни 2022 година.



Како и секој 3 Јуни и оваа година традиционално, одбележувајќи го патрониот празник на нашето училиште, нашите вредни ученици - вистински Рацинови следбеници подготвија бројни активности. Со чествувањето на овој ден ние се потсетуваме на неговото дело и борба за подобро утре.

ООУ„Кочо Рацин“-Нов Дојран за Првенец на генерација 2018/22 година го прогласи Мартин Тунев ученик од деветто б одделение.

ОСВОЕНИ НАГРАДИ НА НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБНАТА 2021/20 ГОДИНА

На општинскиот натпревар по биологија и природни науки учениците од ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран ги постигнаа следните резултати:

1. Љупчо Стоев VI одд . природни науки – I награда, ментор: Гордана Терзиева
2. Мартин Тунев IX одд. биологија - I награда, ментор: Гордана Терзиева
3. Васил Стоев VIII одд. биологија - I награда, ментор: Гордана Терзиева
4. Георгина Христова IX одд. биологија - II награда, ментор: Гордана Терзиева
5. Сара Катранџиева VII одд. биологија - II награда, ментор: Гордана Терзиева
6. Босилка Стојанова VII одд. биологија - III награда, ментор: Гордана Терзиева
7. Гроздана Дончовска VII одд. биологија - III награда, ментор: Гордана Терзиева
8. Глигор Стамов IV одд. природни науки- III награда Ментор: Марија Гугова - Стоева
9. Ивана Димова - IV одд. природни науки- III награда Ментор: Марија Гугова - Стоева
10.Владемир Кортов- IV одд. природни науки пофалница Ментор: Марија Гугова – Стоева
11. Христијан Ајцев- IV одд. природни науки пофалница Ментор : Мара Пејкова

На општинскиот натпревар по хемија, организиран од Сојузот на хемичари и технолози на Македонија, учениците од нашето училиште постигнаа одлични резултати:

Љубица Делева од 8б одд. II награда,
Стефани Мингова од 8б одд. III награда,
Елена Кочарева од 8б одд. III награда.
Ментор Гордана Терзиева

На општинскиот натпревар по математика, организиран од Сојузот на математичари на Македонија, учениците од нашето училиште постигнаа одлични резултати:

1. Љупчо Стоев 6 одд. II награда под менторство на Ристо Ристов,
2. Данче Гогова 4 одд. III награда под менторство на Валентина Аврамова,
3. Ања Танова 4 одд. III награда под менторство на Валентина Аврамова,

4. Илија Николиќ 4 одд. III награда под менторство на Валентина Аврамова,
5. Љубица Делева 8 одд II награда под менторство на Ѓорѓе Атанасов,
6. Стефани Мингова 8 одд. III награда под менторство на Ѓорѓе Атанасов

На ден 02.04.2022 год се одржа регионален натпревар по природни науки. Учениците од ООУ „Кочо Рацин" - Нов Дојран ги постигнаа следните резултати:

1. Љупчо Стоев VI одд. II награда и пласман на ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР, ментор: Гордана Терзиева
2. Владемир Кортов IV одд. III награда , ментор : Марија Гугова - Стоева
3. Ивана Димова IV одд. III награда , ментор: Марија Гугова - Стоева
4. Глигор Стамов IV одд. пофалница , ментор: Марија Гугова-Стоева
5. Христијан Ајцев IV одд. пофалница , ментор: Мара Пејкова

На ден 09.04.2022 се одржа регионален натпревар по биологија. Учениците од ООУ „Кочо Рацин" - Нов Дојран ги постигнаа следните резултати:

1. Васил Стоев VIII одд. II награда и пласман на ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР,
2. Сара Катранџиева VII одд. II награда и пласман на ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР,
3. Мартин Тунев IX одд. III награда,
4. Георгина Христова IX одд. III награда,
5. Гроздана Дончовска VII одд. III награда,
6. Босилка Стојанова VII одд. III награда.

Ментор: Гордана Терзиева

На 21.05. и 28.05.2022 год. се одржа Државен натпревар по биологија и природни науки. Нашите ученици одлично и достојно ги претставија училиштето и општината и ги постигнаа следните резултати:

Васил Стоев VIII одд. II награда, биологија
Љупчо Стоев VI одд. II награда, природни науки
Сара Катранџиева VII одд. Пофалница, биологија.

**5. Успех на учениците на крајот на учебната 2021/22 година**

Успехот и поведението на учениците од учебната 2021/22 година е прикажан табеларно (прилог табела).

Средниот успех на ниво на училиште за учениците од четврто до деветто одделение на крајот на учебната **2021/22** година изнесува **3.89.** (Во споредба со вспехот во претходната година е на исто ниво 3,89).

Реализација на редовна настава по наставни предмети

| Планирани и реализирани часови по наставни предмети од I до V одделение | | | |
|---|---|---|---|
| Предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Во проценти |
| Македонски јазик | 4680 | 4360 | 93,16 |
| Македонски ј. За нац. | 144 | 128 | 88,88 |
| Англиски јазик | 3384 | 3405 | 100,62 |
| Математика | 5220 | 4605 | 88,21 |
| Природни науки | 2088 | 1898 | 90,90 |
| Општество | 944 | 877 | 92,9 |
| Ликовно образование | 1692 | 1472 | 86,99 |
| Музичко образование | 1692 | 1461 | 86,34 |
| ФЗО | 2964 | 2713 | 91,53 |
| Техничко образование | 648 | 577 | 89,04 |
| Работа со компјутер | 864 | 767 | 88,77 |
| Турски јазик | 972 | 861 | 88,58 |
| Историја и општество | 432 | 390 | 90,20 |
| ТО и Информатика | 216 | 191 | 88,42 |

| **Планирани и реализирани часови по наставни предмети од VI до IX** | | | |
|---|---|---|---|
| Предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Во проценти |
| Македонски јазик | 1008 | 924 | 91,66% |
| Француски јазик | 504 | 448 | 88,88% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Англиски јазик | 756 | 677 | 89,55% |
| Историја | 504 | 449 | 89,08% |
| Математика | 1044 | 940 | 90,03% |
| Географија | 504 | 448 | 88,88% |
| Граѓанско образование | 144 | 162 | 112,5% |
| Физика | 288 | 259 | 89,93% |
| Биологија | 432 | 324 | 75% |
| Хемија | 288 | 258 | 89,58% |
| Ликовно образование | 252 | 220 | 87,30% |
| Музичко образование | 252 | 229 | 90,87% |
| ФЗО | 756 | 670 | 88,62% |
| Техничко образование | 36 | 34 | 94,44% |
| Природни науки | 72 | 66 | 91,66% |
| Информатика | 144 | 133 | 92,36% |
| Етика | 72 | 65 | 90,27% |
| Класична култура во европск.цивилизации | 72 | 64 | 88,88% |
| Истражување на родниот крај | 144 | 133 | 92,36% |
| Иновации | 72 | 64 | 88,88% |
| Вештини на живеење | 144 | 128 | 88,88% |
| Танци и народни ора | 144 | 131 | 90,97% |
| **Вкупно** | **7632** | **6826** | **89,43%** |

Учениците од шесто до деветто одделение на крајот на учебната 2021/22 година по предмети покажаа среден успех од **3,70**.

| предмети | ученици | успех на учениците од 6 до 9 одд. | | | | | | | | | | ср. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | недоволни | | |
| | | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | |
| Македонски јазик | 115 | 45 | 39% | 19 | 17% | 28 | 24% | 20 | 17% | 3 | 3% | 3,72 |
| Англиски јазик | 115 | 54 | 47% | 15 | 13% | 22 | 19% | 24 | 21% | 0 | 0% | 3,86 |
| Француски јазик | 115 | 34 | 30% | 15 | 13% | 27 | 23% | 36 | 31% | 3 | 3% | 3,36 |
| Математика | 115 | 23 | 20% | 18 | 16% | 23 | 20% | 48 | 42% | 3 | 3% | 3,09 |
| Историја | 115 | 31 | 27% | 12 | 10% | 28 | 24% | 41 | 36% | 3 | 3% | 3,23 |
| Географија | 115 | 61 | 53% | 18 | 16% | 18 | 16% | 15 | 13% | 3 | 3% | 4,03 |
| Граѓанско образование | 60 | 25 | 42% | 12 | 20% | 15 | 25% | 8 | 13% | 0 | 0% | 3,90 |
| Биологија | 90 | 23 | 26% | 14 | 16% | 20 | 22% | 33 | 37% | 0 | 0% | 3,30 |
| Физика | 60 | 13 | 22% | 7 | 12% | 7 | 12% | 33 | 55% | 0 | 0% | 3,00 |
| Хемија | 60 | 17 | 28% | 8 | 13% | 12 | 20% | 23 | 38% | 0 | 0% | 3,32 |
| Ликовно образование | 115 | 56 | 49% | 18 | 16% | 19 | 17% | 22 | 19% | 0 | 0% | 3,94 |
| Музичко образование | 115 | 55 | 48% | 21 | 18% | 19 | 17% | 17 | 15% | 3 | 3% | 3,94 |
| ФЗО | 115 | 93 | 81% | 6 | 5% | 10 | 9% | 3 | 3% | 3 | 3% | 4,59 |
| Природни науки | 25 | 3 | 12% | 6 | 24% | 4 | 16% | 9 | 36% | 3 | 12% | 2,88 |
| Етика | 30 | 16 | 53% | 9 | 30% | 3 | 10% | 2 | 7% | 0 | 0% | 4,30 |
| Информатика | 55 | 8 | 15% | 11 | 20% | 12 | 22% | 21 | 38% | 3 | 5% | 3,00 |
| Вештини на живеење | 30 | 18 | 60% | 3 | 10% | 8 | 27% | 1 | 3% | 0 | 0% | 4,27 |
| Танци и народни ора | 29 | 19 | 66% | 4 | 14% | 4 | 14% | 2 | 7% | 0 | 0% | 4,38 |
| Истражување на родниот крај | 31 | 22 | 71% | 2 | 6% | 4 | 13% | 3 | 10% | 0 | 0% | 4,39 |
| Класична култура | 25 | 8 | | 3 | 12% | 6 | 24% | 5 | 20% | 3 | 12% | 3,32 |
| Иновации | 31 | 20 | 65% | 4 | 13% | 4 | 13% | 3 | 10% | 0 | 0% | 4,32 |
| Техничко | 25 | 15 | 60% | 4 | 16% | 2 | 8% | 1 | 4% | 3 | 12% | 4,08 |
| **вкупно** | 1586 | 659 | 42% | 229 | 14% | 295 | 19% | 370 | 23% | 33 | 2% | 3,70 |

| **предмети** | ученици | **успех на учениците од 4 и 5 одд. македонски јазик** | | | | | | | | | | ср. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | недоволни | | |
| | | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | |
| Македонски јазик | 51 | 30 | 59% | 10 | 20% | 4 | 8% | 7 | 14% | 0 | 0% | 4,24 |
| Англиски јазик | 51 | 33 | 65% | 7 | 14% | 6 | 12% | 5 | 10% | 0 | 0% | 4,33 |
| Математика | 51 | 26 | 51% | 16 | 31% | 3 | 6% | 6 | 12% | 0 | 0% | 4,22 |
| Ликовно образование | 51 | 35 | 69% | 10 | 20% | 5 | 10% | 1 | 2% | 0 | 0% | 4,55 |
| Музичко образование | 51 | 40 | 78% | 5 | 10% | 3 | 6% | 3 | 6% | 0 | 0% | 4,61 |
| ФЗО | 51 | 44 | 86% | 5 | 10% | 1 | 2% | 1 | 2% | 0 | 0% | 4,80 |
| Техничко образование | 21 | 16 | 76% | 1 | 5% | 4 | 19% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,57 |
| Општество | 21 | 11 | 52% | 7 | 33% | 1 | 5% | 2 | 10% | 0 | 0% | 4,29 |
| Работа со компјутер | 21 | 18 | 86% | 1 | 5% | 2 | 10% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,76 |
| Природни науки | 51 | 31 | 61% | 11 | 22% | 2 | 4% | 7 | 14% | 0 | 0% | 4,29 |
| Историја и општество | 30 | 19 | 63% | 5 | 17% | 2 | 7% | 4 | 13% | 0 | 0% | 4,30 |
| ТО и информатика | 30 | 23 | 77% | 2 | 7% | 4 | 13% | 1 | 3% | 0 | 0% | 4,57 |
| Фотографија | 23 | 20 | 87% | 0 | 0% | 3 | 13% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,74 |
| Математика и логика | 30 | 21 | 70% | 1 | 3% | 8 | 27% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,43 |
| Градинарство и хортикултура | 7 | 7 | 100% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 5,00 |
| **вкупно** | 540 | 374 | 69% | 81 | 15% | 48 | 9% | 37 | 7% | 0 | 0% | 4,47 |

| предмети | ученици | успех на учениците од 4 и 5 одд. на турски јазик | | | | | | | | | | ср успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | недоволни | | |
| | | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | |
| Македонски јазик за националности | 7 | 1 | 14% | 3 | 43% | 1 | 14% | 2 | 29% | 0 | 0% | 3,43 |
| Англиски јазик | 7 | 1 | 14% | 1 | 14% | 3 | 43% | 2 | 29% | 0 | 0% | 3,14 |
| Математика | 6 | 1 | 17% | 3 | 50% | 0 | 0% | 2 | 33% | 0 | 0% | 3,50 |
| Ликовно образование | 7 | 3 | 43% | 2 | 29% | 2 | 29% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,14 |
| Музичко образование | 7 | 3 | 43% | 2 | 29% | 2 | 29% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,14 |
| ФЗО | 7 | 4 | 57% | 2 | 29% | 1 | 14% | 0 | 0% | 0 | 0% | 4,43 |
| Техничко и информатика | 4 | 3 | 75% | 0 | 0% | 0 | 0% | 1 | 25% | 0 | 0% | 4,25 |
| Општество | 3 | 0 | 0% | 1 | 33% | 1 | 33% | 1 | 33% | 0 | 0% | 3,00 |
| Работа со компјутер | 3 | 1 | 33% | 0 | 0% | 2 | 67% | 0 | 0% | 0 | 0% | 3,67 |
| Природни науки | 7 | 1 | 14% | 3 | 43% | 0 | 0% | 3 | 43% | 0 | 0% | 3,29 |
| Турски јазик | 7 | 2 | 29% | 2 | 29% | 1 | 14% | 2 | 29% | 0 | 0% | 3,57 |
| ТО | 3 | 0 | 0% | 1 | 33% | 2 | 67% | 0 | 0% | 0 | 0% | 3,33 |
| Историја и општество | 4 | 1 | 25% | 2 | 50% | 0 | 0% | 1 | 25% | 0 | 0% | 3,75 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **вкупно** | 72 | 21 | 29% | 22 | 31% | 15 | 21% | 14 | 19% | 0 | 0% | 3,69 |

| **Споредбени показатели за успехот на учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одделение | Учебна 2018/19 | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | Учебна 2021/22 |
| IV-IX | 4,19 | 4,06 | 3.89 | 3.89 |

**Сопредбен среден успех по паралелки во одделенска настава**

| Среден успех<br>Место / одд. | Четврто одд. | | Петто одд. | |
|---|---|---|---|---|
| | **2020/21** | **2021/22** | **2020/21** | **2021/22** |
| **Нов Дојран** | 3.70 | 4,21 | 4.26 | 4,24 |
| **Стар Дојран** | 4.62 | 3,75 | 4.12 | 4,70 |
| **Николич** | 4.45 | 4,66 | 4.57 | 4,45 |
| **Фурка** | 4.88 | 4,88 | 4.47 | 4,84 |
| **Црничани** | 4.90 | 4,79 | 3.00 | 4,60 |
| **Ѓопчели** | 4.15 | 4,02 | 4.22 | 3,36 |

**Споредбен среден успех по паралелки во предметна настава**

| Одделение | Среден успех 2020/21 | Среден успех 2021/22 |
|---|---|---|
| **VIа** | 4,02 | 3,36 |
| **VIб** | 3,93 | нема |
| **VIIа** | 3,74 | 3,82 |
| **VIIб** | 3,78 | 3,82 |
| **VIIIа** | 3,71 | 3,81 |
| **VIIIб** | 3,78 | 3,42 |
| **IXа** | 3,49 | 3,95 |
| **IXб** | нема | 3,86 |
| Вкупно | 3,76 | 3,70 |

**Дополнителна настава**

| Одделение | Реализирани часови | Одделение | Реализирани часови |
|---|---|---|---|
| II | 251 | VI | 42 |
| III | 228 | VII | 81 |
| IV | 156 | VIII | 87 |
| V | 223 | IX | 87 |
| Вкупно | 858 | Вкупно | 297 |

**Додатна настава**

| Одделение | Реализирани часови | Одделение | Реализирани часови |
|---|---|---|---|
| II | 135 | VI | 37 |
| III | 228 | VII | 63 |
| IV | 168 | VIII | 74 |
| V | 161 | IX | 51 |
| Вкупно | 692 | Вкупно | 225 |

| **Споредбени показатели на изостаноци** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одделение | Учебна 2018/19 | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | Учебна 2021/22 |
| Оправдани | 5885 | 3317 | 2822 | 5755 |
| Неоправдани | 347 | 55 | 30 | 66 |
| Вкупно | 6232 | 3372 | 2852 | 5821 |

| Споредбени показатели за поведението на учениците | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одделение | Учебна 2018/19 | Учебна 2019/20 | Учебна 2020/21 | Учебна 2021/22 |
| Примерно | 263 | 264 | 260 | 270 |
| Добро | 2 | 2 | / | / |
| Незадоволително | / | / | / | / |
| Вкупно | 265 | 266 | 260 | 270 |

Во склопот на реализацијата на Годишната програма се реализирани и планираните активности и содржини од програмата на Директорот на училиштето и Стручната служба, според планирањата предвидени со програмата за работа.

**6. Соработка со родителите**

Една од формите на вклучување на родителите во работата на училиштето беа родителските средби. Во соработка со родителите особено внимание се посвети на он-лајн разговори со нив, родителите во секое време да соработуваат, со сите наставници, стручната служба и директорот и да даваат свое мислење и учествуваат во работата. Родителските средби се одвиваа преку:

-Индивидуални контакти-он-лајн средби

-Родителски средби на ниво на паралелки, он-лајн родителски средби

-Изработен е Информатор за работата на ООУ„Кочо Рацин“ Нов Дојран за учебната 2021/22 година и истиот е поделен на родителите .

**КОНСТАТАЦИЈА**:

Да се продолжи со современи методи и техники на работа во реализацијата на наставата како и одржување на континиутет на одржувањето на додатната и дополнителната настава како и од оваа полугодие и вон наставни активности, СУА, и работа со талентирани и надарени ученици. Да се поттикнат наставниците за посета на обуки за стручно и професионално усовршување. Училиштето систематски да ја следи редовноста на учениците и да известува за евентуалните неоправдани или оправдани отсуства на учениците. Да се анализираат причините за отсуство и навремено да се преземат конкретни мерки и активности што ке обезбедат зголемување на редовноста кај учениците. Континуирана соработка со родителите на учениците со нессоодветно однесување и неоправдани изостаноци.

Разгледан и утврден од страна на Наставничкиот совет на седницата одржана на ден 30.06.2022 година.

Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2021/22 година го изработиле стручната служба и директорот на училиштето.

**Стручна служба:**
Жаклина Кречева
Сања Точева

**Директор:**
Мирослав Бошнаков

Усвоен од страна на Училишниот одбор на седницата одржана на ден 00.00.2022 година.

**Претседател на Училишен Одбор**

____________________________

/ Снежана Кортова /